**11.3.2022**

Врз основа на член 68 став 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/, член 51 став 1 и 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02), на барање на градоначалникот на Општина Демир Хисар:

**СВИКУВАМ**

**Седма седница на Совет на Општина Демир Хисар**

**Седницата ќе се одржи на 14.03.2022 година (понеделник) со почеток во 9 часот**

**во салата за состаноци во Домот на пензионерите, Демир Хисар**

-Усвојување на записник од шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар;

-Усвојување на записник од итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.03.2022 година.

.

За седницата го предлагам следниот:

.

**ДНЕВЕН РЕД**

.

1. Донесување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година.
2. Донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Демир хисар за 2021 година.
3. Донесување на Годишен извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година.
4. Донесување на Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во Општина Демир Хисар со состојба на ден

31.12.2021 година.

5. Усвојување на Завршна сметка на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“, Демир Хисар.
6. Усвојување на Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“, Демир Хисар за 2021 година.
7. Усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2021 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.
8. Усвојување на План за работа на Дом на култура „Илинден“, Демир Хисар за 2022 година.
9. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар за 2021 година.
10. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за склучен брак во Општина Демир Хисар за 2021 година.
11. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2021 година.
12. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2021 година.
13. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2021 година.
14. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2021 година
15. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2021 година.
16. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2021 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.
17. Донесување на Одлука за издавање деловен простор под закуп.
18. Предлози и прашања.

.

**Бр.17-298/1** **Совет на Општина Демир Хисар** **9.3.2022 година** **Претседавач,** **Демир Хисар** **Љупчо Најдовски с.р.**